ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Потпишување на одредбите од Спогодбата за паушално надоместување на трошоците за здравствена заштита и утврдување на двојазичните обрасци на Република Македонија и Црна Гора

На покана на Фондот за здравствено осигурување на Црна Гора на 25 и 26 октомври 2011 год во Подгорица се одржаа разговори меѓу органите за врска на Црна Гора и Република Македонија за спроведување на Договорот меѓу Црна Гора и Република Македонија за социјално осигурување. Наведениот договор стапи во сила на 1 август 2011 год.

Двете делегации ја разгледаа, усогласија и **потпишаа Спогодбата за паушално надоместување на трошоците за здравствена заштита** која ќе почне да се применува со пресметувањето на паушално надоместување за трошоците за давања за 2012 година. На разговорите се изврши **утврдување на двојазичните обрасци РМ/МНЕ и МНЕ/РМ**, преку кои се остваруваат правата од здравственото осигурување за време на привремен престој (упатување на привремен работа во странство, приватно или службено патување, студиски престој, школување, стручно усовршување, меѓународна – техничка, научна и културна соработка и слично), и остварување на правата од здравственото осигурување при постојан престој, **и образецот 112 со што се овозможува да и пациентите кои се упатени на лекување во странство се третираат како домашни пациенти и се лекуваат по цени утврдени на државата договорничка.**

Договорените обрасци ќе се применуваат од **1 јануари 2012 година**. Со овој договор Република Македонија од осамостојувањето има склучено вкупно **17 нови договори за социјално осигурување** покрај другите наследени од СФРЈ.

Сектор за меѓународни договори